***Р Е Ф Е Р А Т***
***ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРАВО НА ЕВРОПСКА УНИЈА И ДЕЛОВНО ПРАВО***
***НА ВИСОКАТА СТРУЧНА ШКОЛА „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ ВО СКОПЈЕ***

Со Одлука донесена на VI-та седница на Наставничкиот совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје, одржана на 31.10.2011 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите звања за научната област Право на ЕУ и Деловно право на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје.

Конкурсот за овој избор избор беше објавен во весникот „Вечер” од 20.10.2011год. и во предвидениот рок се пријави кандидатот м-р Биљана Начарова.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

М-р Биљана Начарова е родена на 11.11.1981 година во Велес, Република Македонија. Средно образование завршува во УСО Гимназија ”Кочо Рацин”-Велес. Во академската 2000 / 2001 година се запишува на Правниот факултет “Јустинијан Први ” при Универзитетот ”Св.Кирил и Методиј ” во Скопје, каде што дипломира во ноември 2004 година и се стекнува со звањето дипломиран правник.

По завршувањето на додипломските студии до септември 2007 година, м-р Биљана Начарова работи како приправник во Основен суд Велес и во адвокатска канцеларија.

Во 2007 година се запишува на последипломски студии на Институт по одбранбени и мировни студии на Филозофскиот факултет, при Универзитетот “Св.Кирил и Методиј‟ во Скопје, група по мир и развој. По положување на предвидените испити од последипломските студии и исполнување на другите потребни услови се стекна со право да пристапи кон изработка на магистерскиот труд со наслов „Кризата во Република Македонија во 2001 година: односот помеѓу ЕУ и НАТО”. На 17.06.2009 година го одбрани магистерскиот труд со што се стекна со титула магистер по мир и развој.

Во септември 2009 година на Правен факултет “Јустинијан Први” во Скопје м-р Биљана Начарова пријавила изработка на докторска теза под наслов “Нормативна и институционална рамка на Европска унија за кризен менаџмент”. Со Одлука на Наставно-научниот совет темата и кандидатот се прифатени како подобни.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во септември 2007 година м-р Биљана Начарова избрана е за помлад асистент во областа на Административното право на Факултетот за правни науки во состав на ЕУРМ.

Во ноември 2009 година Начарова избрана е за соработник во областа на Правото на ЕУ на Факултетот за правни науки во состав на ЕУРМ.

На Факултетот за правни науки во состав на Европски универзитет-Република Македонија м-р Биљана Начарова работи од септември 2007 до ноември 2011 година како помлад асистент и соработник во наставно-научните области на Правото на ЕУ, Меѓународно казнено право, Реторика, Административно право.

Има учествувано на повеќе семинари и конференции, меѓу кои:

- " Regional security and cooperation in SEE", организиран од Inter-university Center, Dubrovnik (24 Јуни-01 Јули 2007 )
- " Security and cooperation in SEE ", организиран од Inter-university Center, Dubrovnik ( 26 Јуни-02 Јули 2008 )
- " Can United Nation be taught? ", регионална конференција во Виена, организирана од Diplomatic Academy, Vienna & Academic Counsile on the United Nation System ( 22 – 24 ноември 2008 )
- " Право на ЕУ ", регионална школа одржана во Бар, Црна Гора, (25-29 мај 2009 ).
- " Право на ЕУ ", втора регионална школа одржана во Бар, Црна Гора, (03-07 мај 2010 ).
- "Human rights and transitional justice", организиран од Konrad Adenauer Stiftung Rule of Law Program for South East Europe & Udruzenje Pravnik, Saraevo, (18-31 јули 2011)

Исто така има напишано и објавено повеќе трудови меѓу кои:

1. Начарова, Б.(2008), "Теории за разбирање на европската интеграција", *Зборник на трудови на Европски универзитет-Република Македонија*, Скопје.
2. Nacharova, B.(2009), "Teaching UN in Higher Education in Macedonia", *Can the UN be taught? A compendium of Innovative Teaching Techniques,* Diplomatic Acedemy of Vienna, Vienna.
3. Начарова, Б.(2009), "Дистинкција помеѓу концептот владеење на правото и концептот правна држава", *Зборник на трудови на Европски универзитет-Република Македонија*, Скопје.
4. Начарова, Б.(2009), "Кризата во Република Македонија: односот меѓу НАТО и ЕУ", Филозофски факултет, Скопје.*(магистерски труд)*
5. Начарова, Б.(2010), "Како го прават тоа Британците? Организација и спроведување на изборите во Велика Британија", Прогрес-Институт за социјална демократија, Скопје.
6. Начарова, Б.(2011), "Реализација на ДРР програмите-неопходен услов за

спроведување на Охридскиот рамковен договор”, *Охридски рамковен договор-студии на случај,* МЦМС, Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за предавач во областа на Право на ЕУ и Деловно право може да констатира дека кандидатот м-р Биљана Начарова ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје и распишаниот конкурс во весникот Вечер. Рецензенската комисија може да заклучи и дека кандидатот го има потребното искуство за избор во звањето предавач, веќе има работно искуство во наставна и високо стручна работа и има објавено стручни трудови, со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да ја избере кандидатката м-р Биљана Начарова во звање предавач во областа на Право на Европска унија и Деловно право .

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Д-р Антонија Јосифовска, ред. проф.
Високата стручна школа „Факултет за бизнис економија“ во Скопје, с.р.
2. Д-р Весна Стојанова, ред. проф.
Приватниот НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА Скопје, с.р.
3. Д-р Милан Илиески, ред. проф., с.р.